Датум: ______________ Име и презиме: ______________________________

# НАСТАВЕН ЛИСТ

Безбедно користење програми за комуникација по Интернет

1. На кои од овие прашања не смееш да одговараш кога комуницираш по Интернет?

- Дали сакаш да читаш?
- Каде работи твојот родител?
- Во кое училиште учиш?
- Дали го сакаш англискиот јазик?
- Дали одиш на курс по англиски јазик?
- Која е бојата на твојата коса?
- Која е твојата домашна адреса?
- Кој е твојот омилен филм?
- Во колку часот одиш дома?
- За кој фудбалски тим навиваш?

2. Дома си, работиш на компјутер и се допишуваш со твојот другар на Интернет. Одеднаш добиваш покана да се допишуваш со човек кој не го познаваш. Што ќе направиш? Заокружи!

- Ќе го прашаш како се вика.
- Ќе му одговориш дека не разговараш со непознати.
- Ќе го исклучиш компјутерот.
- Ќе му кажеш за тоа на твојот родител.
- Ќе му одговориш на непознатиот да не ти досаѓа.
- Ништо нема да направиш.

3. На училиште си. Имаш час по работа со компјутери. Наставникот објаснува како се користи програм за комуникација по Интернет. Одеднаш добиваш покана да се допишуваш со некого, кој се претставува како „твојот другар“. Што ќе направиш? Заокружи!

- По Интернет ќе му одговориш на другарот да биде посериозен.
- Ќе го прашаш „кој другар?“
- Ќе му одговориш да не ти досаѓа.
- Ќе го замолиш наставникот да излезеш.
- После часот, ќе му кажеш за тоа на твојот родител.
- Веднаш ќе му кажеш за тоа на наставникот.

| **Очекувани резултати** | Да | Делумно | Не |
|---|---|---|---|
| Препознава лични прашања | | | |
| Ги применува безбедносните прашања во однос на Интернет комуникацијата | | | |

Родител ........................................ Наставник ........................................

obrazovanie.literatura.mk